Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.96/19) и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 16 септември 2021 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

1. Во Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија (“Службен весник на Република Македонија” бр.25/17 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр.280/20), во точката 1 зборовите “Друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје” се заменуваат со зборовите “Друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје”.
   Во Прилогот, во точката 1 зборовите “Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје” се заменуваат со зборовите “Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје”.

2. Измената на лиценцата од точка 1 на оваа одлука се врши согласно известување за настанати промени во називот на Друштвото.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 11-ти Октомври бр.9 Скопје-Центар (во натамошниот текст: Друштво), на 7 септември 2021 година до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, достави Известување за настанати промени кај носител на лиценца УП1 бр.12-169/21 од 7 септември 2021 година, за настанати промени во називот на Друштвото.

Регулаторната комисија за енергетика, согласно член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци по службена должност врши промени на лиценцата, бидејќи Друштвото изврши промена на називот на Друштвото.

Називот на Друштвото се менува од “Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје” во “Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје”.

Регулаторната комисија за енергетика на 16 септември 2021 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 од Законот за енергетика* и член 21 став (1) точка 5) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за изменување на Одлуката за издавање на лиценца за вршење на енергетска дејност снабдување со електрична енергија на Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**УП1 бр. 12-169/21**
**16 септември 2021 година**
**Скопје**

**Заменик претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Enver Elmazi**

Në bazë të nenit 24, paragrafi (1), pika 1, nënpika 17 të Ligjit të Energjetikës* ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr. 96/18 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 96/19) dhe nenit 21 paragrafi (1) pika 5) të Rregullores së Licencave (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 dhe 44/21), Komisioni Rregullator i Energjetikës dhe i Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 16 shtator 2021, miratoi

**VENDIM**
**PËR NDRYSHIMIN E VENDIMIT PËR LËSHIMIN E LICENCËS SË KRYERJES SË VEPRIMTARISË ENERGJETIKE - FURNIZIM ME ENERGJI ELEKTRIKE**

1. Në Vendimin për lëshimin e licencës për kryerjen e veprimtarisë energjetike të furnizimit me energji elektrike (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë nr.25/17 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.280/20) të lëshuar për Shoqërinë me Përgjegjësi të Kufizuar të Themeluar nga Një Person ELEM TREJD SHPKNJP Shkup, në pikën 1 fjalët “Shoqëria me Përgjegjësi të Kufizuar të Themeluar nga Një Person ELEM TREJD SHPKNJP Shkup” zëvendësohen me fjalët “Shoqëria me Përgjegjësi të Kufizuar të Themeluar nga Një Person ESM SHITJA SHPKNJP Shkup”.
   Në shtojcën 1, në pikën 1, fjalët “Shoqëria me Përgjegjësi të Kufizuat të Themeluar nga Një Person ELEM TREJD SHPKNJP Shkup” zëvendësohen me fjalët “Shoqëria me Përgjegjësi të Kufizuar të Themeluar nga Një Person ESM SHITJA SHPKNJP Shkup”.

2. Ndryshimi i licencës sipas pikës 1 të këtij vendimi kryhet në përputhje me ndryshimet e bëra në emrin e shoqërisë.

3. Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit të tij, ndërkaq do të publikohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut" dhe në faqen e internetit të Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**PA1 nr. 12-169/21**
**16 shtator 2021**
**Shkup**

**Zëvendëskryetari**
**i Komisionit Rregullator të Energjetikës dhe të Shërbimeve të Ujit të Republikës së Maqedonisë së Veriut**
**Enver Elmazi**